FORUM FOR
REASONABLE POLICIES

Naum Naumovski - Borche, 68
1000 Skopje, Macedonia
+389(0)70388928

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2021

# ФОРУМ ЗА РАЗУМНИ ПОЛИТИКИ

Форум за разумни политики е тинк-тенк организација, основана во 2017 година со цел:
• Создавање основа за одржлив развој во доменот на демократијата, културата и економијата;
• Промовирање општество кое влече корени од разумот, како најиздржлив фундамент за градење на заеднички политики;
• Лансирање платформа за афирмација на реални, опипливи, здраворазумски политики и принципи, без разлика дали се популарни и „тренди“ во моментот на нивното изговарање;
• Спротивставување на компромиси и лажни консензуси кои нудат палијативни решенија, но во својата суштина го продлабочуваат раздорот во општеството и го загрозуваат долгорочниот просперитет;
• Предизвикување и критичко преиспитување на позициите, политиките и ставовите на секој политички и економски естаблишмент, особено оние кои се отворено недемократски или проблематично демократски.

**Во 2021-ва година „Форум за разумни политики“ ги имплементираше следните проекти:**

1. **Наслов на проект: Истражување на транспарентноста на политичките партии во Република Северна Македонија**

Период на имплементација: 01.10.2021-30.12.2021
Донатор: Фондација Вестминстер

Проектот имаше за цел да ги спроведе следниве активности
1. Истражување за транспарентноста на политичките партии (најмалку 4 политички партии во Северна Македонија)
2. Презентирање на главните наоди пред Фондацијата Вестминстер и политичките партии кои учествуваа во истражувањето.
3. Во договор со политичките партии кои учествувале во истражувањето, поттикнување пошироки дискусии и споделување најдобри практики со најмногу 25 политички партии од

FORUM FOR
REASONABLE POLICIES

Naum Naumovski - Borche, 68
1000 Skopje, Macedonia
+389(0)70388928

Западен Балкан (главни политички партии од Албанија, БиХ, Северна Македонија, Црна Гора, Србија и Косово)

2. **Наслов на проектот: Мојата општина-финансии, развој, долгорочна одржливост**

Период на имплементација: 01.08.2020 до 31.12.2021
Донатор: Швајцарска агенција за развој и соработка

Главни цели на проектот:
Да се информира јавноста за клучните карактеристики на буџетите на општините и нивните структурни промени со текот на времето, доколку ги има.
Да се идентификуваат и комуницираат со јавноста предизвиците со кои се соочуваат општините при извршувањето на нивните буџети.
Да се посочат и елаборираат придружните импликации/пречки за локалниот економски развој на општините.
Да се идентификуваат и да се комуницираат со јавноста можните решенија, на кои укажуваат претставниците на месните заедници и граѓаните, со што ќе се создадат предуслови за подобрена финансиска исплатливост на општините и продлабочена децентрализација во земјата.
Проектот се спроведе во 15 општини во земјата, со медиумско партнерство на месечното „Економија и бизнис“.

http://frp.mk/en/article?id=69

3. **Наслов на проектот: Изборни системи во Република Северна Македонија**

Период на имплементација: 15.10.2021 до 31.03.2022
Донатор: Меѓународна фондација за изборни системи ИФЕС

Проектот има за цел да даде поддршка за развивање поширока дебата и дискусии за зголемување на свеста за можните промени на сегашниот изборен систем.

Активности кои се спроведоа во правата фаза од проектот:

-Истражување, анализа и изработка на документ за јавни политики „Оставка: кога, како и зошто?“ http://frp.mk/en/article?id=73

FORUM FOR
REASONABLE POLICIES

Naum Naumovski - Borche, 68
1000 Skopje, Macedonia
+389(0)70388928

-Дебата на тема „Оставка: Кога, како, и зошто?- политичката одговорност како нужен стандард во македонското општество“
-Истражување и изработка на видео „30 години подоцна: етиката и оставките“
https://www.youtube.com/watch?v=2k_e6v_HuLs&t=18s